Јавна здравствена установа
Здравствен дом „Д-р Русе Бошковски"
Halk sağlığı kurumu
„D-r Ruse Bŏskovski" Sağlık Merkezi

Бр/Nu. 03 - 160 / 1
31. 12. 2025 год./yıl
Маврово - Ростуше

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници(“Сл.Весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2,17, 16/17, и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24),а во врска со предлог за вработување на кандидати бр.10-1686/22 од 31.12.2025 год., В.Д . Директорот ЈЗУ Здравствен дом “ Д-р Русе Бошковски – Ростуше” с.Ростуше Спец. Д-р Ашим Имероски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За избор на кандидати за вработување на административен службеник

1. Кандидатот Месут Елези со идентификациски код 9DDA54C се избира на работно место ЗДР0102В04008 Помлад соработник за материјално финансиско работење,Сектор за финансиско сметководствено работење во ЈЗУ Здравствен дом “Д-р Русе Бошковски-Ростуше” с.Ростуше.

2. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

3. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на ЈЗУ Здравствен дом “Д-р Русе Бошковски – Ростуше” објави оглас за вработување на административен службеник - 1 (еден) извршител за работното место ЗДР0102В04008 Помлад соработник за материјално финансиско работење,Сектор за финансиско сметководствено работење во дневните весници Вечер,Слободен печат и Коха.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на ден 12.12.2025 година изврши административна селекција утврдено со Записник бр. 10-1686/16 од 12.12.2026 година.По извршената административна селекција на ден 24.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник утврдено со Записник бр.10-1686/18 од 24.12.2024 година.Од страна на комисијата на ден 30.12.2025 година се изврши проверка на веродостојноста на доказите и се спроведе интервју утврдено со Записник бр.10-1686/20 од 30.12.2025 година.

Врз основа на добиените резултати од сите спроведени фази , Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати и врз основа на конечната ранг листа до Директорот достави предлог за вработување на кандидати бр.10-1686/22 од 31.12.2025 година.

Поради горенаведеното Директорот на ЈЗУ Здравствен дом “Д-р Русе Бошковски – Ростуше” с.Ростуше одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против одлуката незадоволниот кандидат има прво во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

В.Д. Директор на ЈЗУ Здравствен дом – Ростуше
Спец. Д-р Ашим Имероски

Јавна здравствена установа · Halk sağlığı kurumu
„Д-р Русе Бошковски"
„D-r Ruse Boskovski"
Здравствен дом · Sağlık Merkezi · с.Ростуше · Rostuše köyü